**20240661471**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ (*)**

Се прогласува Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 март 2024 година.

Бр. 08-1943/1
13 март 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Јован Митрески,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ЗАБРАНА НА НЕФЕР ТРГОВСКИ ПРАКТИКИ ВО СИНЏИРОТ НА СНАБДУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ И ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ (*)**

ГЛАВА I

ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

Член 1

Со овој закон се уредуваат правилата и мерките за спречување на наметнување нефер трговски практики кои отстапуваат од доброто трговско однесување, се утврдуваат нефер трговските практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи со чие наметнување се искористува значителната преговарачка моќ на купувачот во однос на неговите добавувачи, постапките за утврдување нефер трговски практики, како и соработката меѓу надлежните органи за спроведување на надзорот над примената на нефер трговските практики.

---

* Овој закон се усогласува со Директивата (ЕУ) 2019/633 на Европскиот парламент и на Советот од 17 април 2019 година за нефер трговски практики во односите меѓу претпријатијата во синџирот на снабдување со земјоделство и храна, CELEX број 32019L0633

**Примена**

Член 2

(1) Овој закон се применува на продажба на земјоделски и прехранбени производи каде што добавувачот и купувачот се основани во Република Северна Македонија, во земјите членки на Европската Унија или во трети земји.

(2) Овој закон се применува и на услугите кои купувачот му ги дава на добавувачот, во согласност со членот - 8 од овој закон.

(3) Овој закон се применува на договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи кои се склучуваат меѓу купувачите и добавувачите.

**Правни односи на кои законот не се применува**

Член 3

Овој закон не се применува на односите меѓу добавувачите и потрошувачите во врска со продажбата на земјоделски и прехранбени производи.

**Значење на поимите**

Член 4

(1) Одделни поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **„Земјоделски и прехранбени производи“** се физички резултат од земјоделското производство, како и од индустриските операции за преработка на производи. Во земјоделски производи и прехранбени производи, во смисла на овој закон, спаѓаат производите од Анекс I од Договорот за функционирање на Европската Унија, како и производите кои не се во Анексот I, но се добиени со преработка на производите од Анексот I од Договорот за функционирање на Европската Унија;

2. **„Купувач“** е секое физичко или правно лице или јавен орган кој купува земјоделски и прехранбени производи, односно група на овие физички и правни лица;

3. **„Јавни органи“** се министерствата, органите на државната управа, организации утврдени со закон, другите државни органи, правните и физичките лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања, како и органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје;

4. **„Добавувач“** е земјоделски производител или кое било физичко и правно лице, кое врши продажба на земјоделски и прехранбени производи, односно група земјоделски производители или група физички и правни лица како што се организации на производители, организации на добавувачи и здруженија на тие организации;

5. **„Расипливи земјоделски и прехранбени производи“** се земјоделски и прехранбени производи, кои по својата природа или во фаза на преработка може да станат непогодни за продажба во рок од 30 дена по бербата, производството или преработката;

6. **„Нефер трговски практики“** се договорни одредби и деловни практики кои еднострано се наметнуваат од купувачот кон добавувачот во врска со продажбата на земјоделски и прехранбени производи, користејќи ја неговата значителна преговарачка моќ во однос на добавувачот, спротивно на членовите 7 и 8 од овој закон;

7. **„Вкупен годишен приход“** е износот на приходот од продажбата на производи и услуги искажан во годишната сметка и во годишниот финансиски извештај, односно билансот на успех на купувачот и добавувачот, доставен во Централниот регистар на Република Северна Македонија;

8. **„Синџир на снабдување на земјоделски и прехранбени производи“** се сите учесници во производството, преработката и трговијата со земјоделски и прехранбени производи, и тоа: производители, откупувачи и/или преработувачи, трговци на големи и трговци на мало кои во договорните односи можат да бидат добавувачи или купувачи, како и јавните органи како купувачи.

**Листа на земјоделски и прехранбени производи**

Член 5

Министерот за економија донесува Листа на земјоделски и прехранбени производи, врз основа на која се утврдуваат нефер трговските практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи.

ГЛАВА II

ЗНАЧИТЕЛНА ПРЕГОВАРАЧКА МОЌ И НЕФЕР ТРГОВСКИ И ПРАКТИКИ

**Значителна преговарачка моќ**

Член 6

(1) За значителна преговарачка моќ, односно за нефер трговски практики, согласно со одредбите од овој закон, при продажбата на земјоделски и прехранбени производи се сметаат, доколку:

1) добавувачите имаат годишен приход не поголем од 2. 000 000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход не поголем од 10. 000 000 евра во денарска противвредност;

2) добавувачите имаат годишен приход поголем од 2. 000 000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 10. 000 000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход поголем од 10. 000 000 евра во денарска противвредност;

3) добавувачите имаат годишен приход поголем од 10. 000 000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 50. 000 000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход поголем од 50. 000 000 евра во денарска противвредност;

4) добавувачите имаат годишен приход поголем од 50. 000 000 евра во денарска противвредност , но не поголем од 150. 000 000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход поголем од 150. 000 000 евра во денарска противвредност;

5) добавувачите имаат годишен приход поголем од 150. 000 000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 350. 000 000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход поголем од 350. 000 000 евра во денарска противвредност.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член, одредбите од овој закон се применуваат кога продажбата на земјоделски и прехранбени производи се врши од добавувачи кои имаат годишен приход не поголем од 350. 000 000 евра во денарска противредност, за сите купувачи кои се јавни органи.

(3) Кога купувачот и добавувачот од ставот (1) на овој член е друштво кое има значајно учество во друго друштво или друштво кое има преовладувачко влијание зависно од него друштво, во согласност со Законот за трговските друштва, при пресметувањето на неговиот вкупен годишен приход купувачот односно добавувачот, се смета како едно трговско друштво.

(4) При пресметување на вкупниот приход на друштвата од ставот (3) на овој член не се земаат предвид износите остварени од продажбата на стоки и давањето услуги меѓу овие друштва.

**Форма и содржина на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи и забрана на нефер трговска практика**

Член 7

(1) Договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи меѓу добавувачот и купувачот мора да биде склучен во писмена форма пред испорака на земјоделски или прехранбени производи.

(2) Договорот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи сите услови кои се неопходни за уредување на деловниот однос меѓу добавувачот и купувачот како договорни страни, а особено мора да содржи одредби за:

1) цената на земјоделскиот и/или прехранбениот производ и начинот на определување или пресметување на цената;

2) квалитетот и видот на земјоделскиот и прехранбениот производ што се доставува до купувачот;

3) условите и роковите за испорака на земјоделските и прехранбените производите кои се предмет на договорот;

4) условите и роковите за плаќање на испорачаните земјоделски и прехранбени производи;

5) местото на испорака на земјоделските и прехранбените производи;

6) времетраењето на договорот и

7) престанување и раскинување на договорот.

(3) Покрај условите од ставот (2) на овој член, во договорот за снабдување од ставот (1) на овој член мора на јасен и недвосмислен начин да бидат утврдени и општите деловни услови меѓу договорните страни, кои не смеат да содржат одредби кои се сметаат за нефер трговски практики согласно со член 8 од овој закон.

(4) Со општите деловни услови од ставот (3) на овој член се утврдуваат условите за продажба и купување, правата и обврските на добавувачот и правата и обврските на купувачот, обезбедување на побарувањата на добавувачот, правата и обврските на добавувачот и на купувачот, во случај кога купувачот ќе го раскине договорот, размената на информациите, измената на општите услови, виша сила, решавање спорови, заштита на личните податоци и доверливост.

(5) Општите деловни услови од ставовите (3) и (4) на овој член се обврзувачки за договорните страни од ставот (1) на овој член.

(6 ) Доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на:

- лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од став (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и

- други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен.

(7) За потребите на утврдување на роковите за плаќање од ставот (6 ) на овој член, договорениот рок на испорака во ниту еден случај не смее да го надмине периодот од еден месец.

(8) Доколку договорот не предвидува редовна испорака, условите и роковите за плаќање на испорачаните расипливи земјоделски и прехранбени производи од став (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од рокот утврден во ставот (6) алинеја 1 на овој член.

(9) Доколку договорот не предвидува редовна испорака, условите и роковите за плаќање на други земјоделски и прехранбени производи од став (2) точка 4) на овој член, кои не се сметаат за расипливи производи, не можат да бидат подоцна од рокот од ставот (6) алинеја 2 на овој член.

(10) По исклучок на ставовите (6), ( 8) и (9) на овој член, кога купувачот го одредува износот што треба да се плати, роковите на плаќање почнуваат да течат од крајот на договорениот период за извршени испораки на редовна основа и роковите на плаќање почнуваат да течат од датумот на извршени испораки на нередовна основа, кои треба да бидат наведени во договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

(11) Одредбите од ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) на овој член во договорите за снабдување со земјоделски и прехранабени производи не се применуваат на плаќањата:

- од купувачот кон добавувачот во рамки на училишни програми во образовни установи (градинки, предучилишни установи и установи од основно и средно образование) за набавка на производи од секторот овошје и зеленчук и нивни преработки и млеко и млечни производи кои се сметаат за помош,
- од јавните органи кои вршат здравствена заштита кон добавувачите кои ги снабдуваат со земјоделски и прехранбени производи и
- меѓу добавувачи на грозје или шира за производство на вино и нивните директни купувачи, под услов во договорите за снабдување да се наведени специфични услови за плаќање и се со повеќегодишен рок, во согласност со воспоставените деловни практики.

(12) За сè што не е уредено со овој закон во однос на договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи меѓу купувачот и добавувачот, се применува Законот за облигационите односи.

**Забранети нефер трговски практики**

Член 8

(1) Без оглед на преговарачката моќ во членот 6 на овој закон, за нефер трговски практики во односот меѓу купувачот и добавувачот се сметаат за забранети трговските практики, кога купувачот:

1. ги откажува нарачките на расипливи земјоделски и прехранбени производи во рок пократок од 30 дена од денот на нарачката, така што добавувачот не може разумно да очекува да најде алтернативен начин да ги пласира или да ги искористи тие производи;

2. еднострано ги менува условите на договорот за снабдување на земјоделски и прехранбени производи кои се вообичаени во однос на начинот, местото, времето или обемот на набавка или испорака на земјоделските и прехранбените производи, стандардите за квалитет, условите за плаќање или цените за давање услуги;

3. бара плаќања од добавувачот кои не се поврзани со продажбата на земјоделски и прехранбени производи  на добавувачот;

4. бара плаќања од добавувачот за настаната штета и/или загуба на земјоделските и прехранбените производи кои се сместени во просториите на купувачот или откако сопственоста е пренесена на купувачот, а таквата штета или загуба не е предизвикана од небрежност или вина на добавувачот, освен ако производот е со скриена мана;

5. одбива писмено да ги потврди условите во договорот за снабдување за кој добавувачот побарал писмено да потврди, освен ако договорот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи опфаќа производи кои  ги доставува  член на организација на производители и задруга, до организацијата на производители чиј член е добавувачот,  доколку одредбите во  нивните статути имаат слични ефекти на условите на договорот за снабдување со земјоделски и прехранбени производи;

6. незаконски ги стекнува, користи или открива деловните тајни на добавувачот;

7. се заканува на добавувачот дека ќе изврши дејства на комерцијална одмазда доколку добавувачот ги искористи своите договорни и законски права, вклучително и поднесување барање до Комисијата за заштита на конкуренцијата за поведување постапка или претставка или ќе соработува со  Комисијата за заштита на конкуренцијата за време на постапката;

8. бара надоместок  од добавувачот за трошоците за спроведени истраги по поднесени жалби на потрошувачи во врска со продажбата на производите на добавувачот, и покрај тоа што добавувачот нема вина или грешка;

9. бара надоместок од добавувачот за внесување нов земјоделски и прехранбен производ во продажната мрежа и за проширување на продажната мрежа на купувачот, уредување нови и преуредување на постојните продажни места на купувачот, проширување на капацитетот за складирање кај купувачот и проширување на дистрибутивната мрежа на купувачот;

10. бара од добавувачот да се договорат за фиктивни услуги кои нема да се извршат, за кои нема  причина освен одложување на рокот што веќе доспеал за плаќање;

11. бара надоместок од добавувачот за склучување договор за снабдување со земјоделски и прехранбени производи;

12. го условува добавувачот да склучат договори и деловна соработка за компензација на земјоделски и прехранбени производи и услуги;

13. бара од добавувачот да не продаваат земјоделски и прехранбени производи на други купувачи по ниски цени од оние кои се договорени да ги плати купувачот, а добавувачот не смее да бара од купувачот да купува производи кои не ги бара;

14. бара надоместок од добавувачот за намален приход на купувачот заради намалена продажба или маржа на одреден земјоделски или прехранбен производ;

15. бара надоместок од добавувачот за испорака на земјоделски и прехранбени производи до местото на испорака или надвор од договореното место на испорака, освен во случаи кога купувачот врши сопствена дистрибуција со сопствени средства и ресурси наместо добавувачот;

16. бара надоместок од добавувачот за истражување на пазарот во однос на понудата и побарувачката на одредени земјоделски и прехранбени производи;

17. еднострано ги брише производите од списокот на договорени производи кои добавувачот ги испорачува на купувачот или значително ги намалува нарачките на поединечни земјоделски и прехранбени производи, без претходно писмено да го извести добавувачот во период пократок од 30 дена;

18. наплаќа трошоци од добавувачот за дополнителни анализи на квалитетот на земјоделски и прехранбени производи, освен ако со дополнителните анализи се утврди дека производот на добавувачот не го исполнува договорениот квалитет, во кој случај трошоците за дополнителните анализи не смеат да бидат повисоки од трошоците кои купувачот ги имал;

19. бара надоместок од добавувачот за услуги што не се дадени;

20. ги враќа на добавувачот непродадените земјоделски и прехранбени производи кои се испорачани без да ги плати или без да плати за отстранување на тие производи;

21. бара надоместок од добавувачот за складирање, прикажување или ставање земјоделски и прехранбени производи на полици на продажното место на купувачот;

22. бара од добавувачот во целост или делумно да ги сноси трошоците за попусти на земјоделски и прехранбени производи кои се продаваат како дел од промоција;

23. бара добавувачот да плати за рекламирањето земјоделски и прехранбени производи кои тој ги рекламира;

24. бара добавувачот да плати за маркетинг на земјоделски и прехранбени производи кои тој ги спроведува;

25. бара надоместок од добавувачот за персоналот за опремување на простории во кои се врши продажба на земјоделски и прехранбени производи на добавувачот и

26. бара други надоместоци и плаќања кои ги наметнува на добавувачот при склучување на договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

(2) По исклучок од ставот (1) точка 22) на овој член, не се смета за нефер трговска практика кога добавувачот ќе побара од купувачот во писмена форма, на јасен и недвосмислен начин да се договори периодот на промоцијата (промотивна, акциска и сезонска продажба) и количината земјоделски и прехранбени производи што ќе се нарачаат од добавувачот по намалена цена.

(3) Во случајот од ставот (2 ) на овој член, на барање на добавувачот, купувачот има обврска да му достави податоци на добавувачот за продадените количини по намалена цена, по истекот на периодот на промоцијата.

(4) Доколку добавувачот на барање на купувачот има доставено количина поголема од количината која е продадена на потрошувачите за време на промоцијата, купувачот мора да му ја плати на добавувачот разликата од испорачаната и продадената количина по редовна цена, без промоција.

(5) По исклучок од ставот (1) точки 21), 23), 24) и 25) на овој член, не се смета за забранета нефер трговска практика кога добавувачот задолжително ќе побара од купувачот на јасен и недвосмислен начин во писмена форма во рамки на договорот за снабдување да прикаже објективна и разумна проценка за трошоците и плаќањето по единица, или вкупно плаќање, според утврден ценовник на купувачот.

(6) Исклучоците од ставот (5 ) на овој член и рабатот којшто добавувачот ќе му го одобри на купувачот не смеат да бидат повисоки од 10% од остварениот промет во тековната година, а кои јасно мора да бидат содржани во договорите за снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

## ГЛАВА III

## НАДЛЕЖЕН ОРГАН И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА

### Член 9

(1) Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(2) Комисијата за заштита на конкуренцијата ја контролира примената на одредбите од овој закон.

(3) За прекршоците определени со овој закон надлежен прекршочен орган е Комисијата за заштита на конкуренцијата.

**Надлежност за прекршок**

Член 10

За прекршоците определени во овој закон прекршочна постапка пред Комисијата за заштита на конкуренцијата води и прекршочна санкција изрекува Комисијата за одлучување по прекршок.

**Примена на законот**

Член 11

Комисијата за заштита на конкуренцијата за одлучување по прекршок и при водење прекршочна постапка соодветно ги применува одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата и од Законот за општата управна постапка, освен ако со Законот за прекршоци и со овој закон поинаку не е определено.

**Поведување прекршочна постапка**

Член 12

(1) Прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршок се поведува по службена должност или по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување постоење прекршок.

(2) Комисијата за одлучување по прекршок ја поведува прекршочната постапка со заклучок, против кој не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор.

(3) Заклучокот за поведување постапка задолжително содржи:

1) број на предметот на кој се однесува заклучокот;

2) одредбите од законот врз основа на кои се поведува постапката;

3) опис на фактите и околностите поради кои Комисијата за одлучување по прекршок поведува постапка;

4) барање за доставување потребни податоци, согласно со членот 18 од овој закон.

(4) Заклучокот за поведување постапка се доставува до лицето против кое е поведена постапката и до подносителот на барањето, доколку постапката е поведена по барање на физичко или правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење на прекршокот.

(5) Лицето против кое е поведена постапка има право да даде одговор во рок од осум дена од денот на приемот на заклучокот за поведување постапка. По исклучок, по барање на лицето против кое е поведена постапката, рокот може да се продолжи уште најмногу за 15 дена, ако за тоа постојат оправдани причини.

(6) Прекршочната постапка поведена пред Комисијата за одлучување по прекршок мора да заврши во рок од три месеци.

**Содржина на барањето за поведување прекршочна постапка по барање на физичко или на правно лице**

Член 13

(1) Барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од физичко или од правно лице кое има легитимен интерес за утврдување на постоење прекршок, задолжително содржи:

1) фирма и седиште на правното лице, односно име, презиме и адреса на физичкото лице кое е подносител на барањето и опис на околностите од кои произлегува легитимниот интерес за поднесување на барањето;

2) податоци за лицето против кое се поднесува барањето;

3) фактички опис на прекршокот од кој произлегуваат правните обележја на прекршокот, времето, местото и начинот на извршувањето и други околности потребни што поблиску да се определи прекршокот;

4) доказите што треба да се изведат;

5) потпис на подносителот на барањето.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член, се приложуваат докази.

(3) Доколку барањето од ставот (1) на овој член содржи податоци кои, според подносителот, претставуваат деловна тајна, истиот е должен таквите податоци јасно да ги означи и да ја назначи правната основа за нивното означување како деловна тајна.

(4) При поднесување барање за поведување прекршочна постапка кое содржи податоци кои претставуваат деловна тајна, соодветно се применуваат одредбите од член 18 ставови (4), (5) и (6) од овој закон.

(5) Доколку подносителот на барањето од ставот (1) на овој член сака да остане анонимен или е поднесено барање кое не содржи податоци за подносителот, Комисијата за одлучување по прекршок води постапка по службена должност, доколку утврди дека постојат евентуални нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи.

**Дополнување на барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од физичко или од правно лице**

Член 14

(1) Ако барањето за поведување прекршочна постапка не ги содржи податоците од членот 13 од овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок од подносителот ќе побара дополнување на барањето.

(2) Ако подносителот на барањето не постапи во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнување, се смета дека се откажал од барањето.

**Откажување од барањето за поведување прекршочна постапка поднесено од физичко или од правно лице**

Член 15

(1) Ако постапката е поведена по барање на физичко или на правно лице, истото може да се откаже од барањето во текот на целата постапка.

(2) Кога постапката е поведена по барање на физичко или на правно лице и истото се откаже од барањето, Комисијата за одлучување по прекршок донесува заклучок со кој се запира постапката.

(3) Комисијата за одлучување по прекршок го продолжува водењето на постапката од ставот (1) на овој член по службена должност, доколку постои сомневање за сторени нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи.

(4) Кога постапката е поведена по службена должност, Комисијата за одлучување по прекршок со заклучок може да ја запре постапката.

(5) Против заклучокот за запирање на постапката од ставовите (2) и (4) на овој член може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред судот надлежен за одлучување по управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

**Отфрлање барање за поведување прекршочна постапка поднесено од физичко или од правно лице**

Член 16

(1) Ако Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за поведување постапка, барањето од членот 13 од овој закон ќе го отфрли со заклучок.

(2) Не постојат законски услови за поведување постапка, доколку:

1) дејството опишано во барањето не е прекршок;

2) барањето го поднело лице кое нема легитимен интерес за утврдување прекршок;

3) барањето не е поткрепено со докази;

4) настапила застареност за поведување прекршочна постапка, согласно со членот 29 од овој закон.

(3) Против заклучокот за отфрлање на барањето од ставот (1) на овој член може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред судот надлежен за одлучување по управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

(4) Заклучокот од ставот (1) на овој член не мора да содржи оценка на секој навод содржан во барањето за поведување постапка, но мора да содржи јасно наведени причини за отфрлање на барањето.

**Учесници во прекршочна постапка**

Член 17

Учесници во прекршочна постапка се:

- лицето против кого е поведена прекршочна постапка и
- подносителот на барањето за поведување прекршочна постапка од членот 13 од овој закон.

ГЛАВА IV
ДОКАЗНА ПОСТАПКА

**Барање податоци**

Член 18

(1) Заради вршење на овластувањата утврдени со овој закон, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да бара од купувачот и од добавувачот да достават податоци во врска со нивната економско финансиска состојба, нивните деловни односи и врски, податоци за нивните статути и одлуки, за бројот и идентитетот на лицата засегнати со таквите одлуки, како и други податоци потребни за водење на постапката.

(2) Заклучокот за барање податоци содржи правна основа, цел на барањето, точно наведување на податоците кои се бараат, рок за доставување на бараните податоци, како и тоа дека недоставувањето податоци во бараниот рок, доставувањето неточни, нецелосни или податоци кои можат Комисијата за одлучување по прекршок да ја доведат во заблуда, претставува прекршок, согласно со членот 27 од овој закон.

(3) Против заклучокот од ставот (1) на овој член не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор.

(4) Доколку некои од податоците од ставот (1) на овој член претставуваат деловна тајна, купувачите и добавувачите се должни истите јасно да ги означат и да ја назначат правната основа за нивното означување како деловна тајна.

(5) При доставувањето податоци кои претставуваат деловна тајна, купувачот и добавувачот од ставот (1) на овој член се должни до Комисијата за одлучување по прекршок да достават еден примерок со вклучени податоци кои претставуваат деловна тајна (доверлива верзија) и еден примерок во кој ќе бидат избришани податоците кои претставуваат деловна тајна (недоверлива верзија).

(6) Доколку купувачот и добавувачот не постапат во согласност со ставот (5) на овој член и достават само доверлива верзија на бараните податоци, со означување на податоците кои претставуваат деловна тајна, Комисијата за одлучување по прекршок ќе побара доставување и на недоверливата верзија на бараните податоци во рок од три дена од денот на приемот на барањето. Доколку купувачите и добавувачите и во тој рок не достават недоверлива верзија на бараните податоци, Комисијата за одлучување по прекршок ќе смета дека доставените податоци не содржат податоци кои претставуваат деловна тајна.

**Прибавување докази на лице место**

Член 19

(1) Доколку постои оправдано сомнение дека определен купувач односно добавувач поседува исправи или други предмети или има сознанија кои можат да бидат од значење за да се докаже постоење прекршок, Комисијата за одлучување по прекршок може со заклучок да му наложи на купувачот односно добавувачот , на овластени лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата и на лицата кои, по потреба, ги придружуваат:

1) да им овозможи непречено да влезат во кои било деловни простории, земјиште или превозни средства на купувачот односно добавувачот од ставот (1) на овој член, кои се од значење за утврдување постоење прекршок;

2) да им овозможи непречено да ги испитуваат книгите или другата документација кои се од значење за утврдување постоење прекршок, без оглед на медиумот на кој истата се чува;

3) да им овозможи непречено да земат или да задржат во која било форма копии или извадоци од тие книги или документација;

4) да им овозможи непречено привремено да ги земат и задржат книгите или другата документација кои се од значење за утврдување постоење прекршок за период потребен за копирање на истите, доколку нивното копирање не може да се изврши на лице место. За ваквото одземање и задржување овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата издаваат писмена потврда во која се опишуваат одземените книги и друга документација и се назначува каде се пронајдени;

5) да им овозможи привремено да земат и да задржат предмети, книги или друга документација кои се од значење за утврдување постоење прекршок за период потребен за утврдување релевантни факти и докази кои произлегуваат од тие предмети, книги и

документација, но не подолго од правосилното завршување на предметната постапка. За ваквото одземање и задржување овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата издаваат писмена потврда, во која се опишуваат одземените предмети, книги и друга документација и се назначува каде се пронајдени;

6) да им овозможи непречено да ги запечатат деловните простории и книгите или другата документација за период и во обем потребен за испитувањето, но не подолго од седум дена;

7) овластено лице или друг вработен кај купувачот односно добавувачот да даде на записник објаснување за фактите или документите кои се од значење за утврдување постоење прекршок;

8) овластено лице или друг вработен кај купувачот односно добавувачот, да достави писмено објаснување за фактите или документите кои се од значење за утврдување постоење прекршок во определен рок и

9) да им овозможи непречено вршење други дејства кои се од значење за утврдување постоење прекршок.

(2) Заклучокот од ставот (1) на овој член содржи правна основа, предмет и цел на постапувањето, име и презиме на овластените лица од Комисијата за заштита конкуренцијата кои ќе ги вршат дејствата од ставот (1) на овој член, време и место на вршење на дејствата од ставот (1) на овој член, како и тоа дека неовозможувањето на овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги извршат дејствата од ставот (1) на овој член претставува прекршок, согласно со членот 27 од овој закон.

(3) Против заклучокот од ставот (1) на овој член не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор.

(4) Доколку некои од податоците и документацијата од ставот (1) на овој член, земени или задржани од овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата претставуваат деловна или службена тајна, правните и физичките лица од ставот (1) на овој член можат во рок од осум дена од денот на извршувањето на дејствата од ставот (1) на овој член да изврши увид во земените или задржаните податоци и документација, јасно да ги означи податоците и документацијата кои претставуваат деловна тајна и да ја назначи правната основа за нивното означување како такви.

(5) Доколку купувачот односно добавувачот од ставот (1) на овој член не постапи во согласност со ставот (4) на овој член, се смета дека прибавените податоци и документација не содржат податоци кои претставуваат деловна тајна.

(6) При вршењето на дејствата од ставот (1) на овој член, овластените лица на Комисијата водат записник за преземените дејства.

(7) Доколку при вршењето на дејствата од ставот (1) на овој член постои опасност од сокривање, изменување или уништување на исправи или предмети кои можат да бидат од значење за утврдување на постоење прекршок, при вршењето на дејствата од ставот (1) на овој член, Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе побара асистенција од органот на државната управа надлежен за вршење на работите на јавниот ред и мир.

(8) Доколку купувачот односно добавувачот од ставот (1) на овој член не им дозволува на овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата да ги вршат дејствата од ставот (1) на овој член, овластените лица на Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе ги извршат потребните дејства и против волјата на добавувачот односно купувачот од ставот (1) на овој член, а со помош на претставниците на органот на државната управа надлежен за вршење на работите на јавниот ред и мир.

### Привремени мерки

Член 20

(1) Во итни случаи, кога постои ризик да бидат нанесени сериозни и непоправливи штети на добавувачот, Комисијата за одлучување по прекршок може по службена должност, со решение, а врз основа на своите првични сознанија за постоење прекршок, да му изрече привремена мерка на купувачот кој со своето однесување може да предизвика сериозни и непоправливи штети за добавувачот.

(2) Во решението од ставот (1) на овој член Комисијата за одлучување по прекршок ќе наложи запирање определени дејства, исполнување одредени услови, или други мерки потребни за спречување нефер трговски практики и ќе го определи времетрањето на мерките, кое треба да биде пропорционално и соодветно на целта која треба да се постигне со изречените привремени мерки.

(3) Доколку е потребно и соодветно за спречување нефер трговски практики, Комисијата за одлучување по прекршок може со решение да ги промени веќе изречените мерки од ставот (2) на овој член и/или да го измени нивното времетраење.

### Известувања за утврдена фактичка состојба

Член 21

(1) Со цел на учесниците во постапката да им се даде можност да се изјаснат за фактите и околносите од значење за утврдување на фактичката состојба, Комисијата за одлучување по прекршок, пред закажување на усната расправа, на учесниците им доставува известување за дотогаш утврдената фактичка состојба.

(2) Учесниците во постапката имаат право писмено да се изјаснат по наводите содржани во известувањето од ставот (1) на овој член, да дадат забелешки и да предложат изведување на доказите со кои располагаат а кои, според нив, се од значење за правилно утврдување на фактичката состојба во рок од 15 дена од денот на приемот на известувањето.

### Преземање обврски

Член 22

(1) По поведувањето на постапката од членот 12 од овој закон, лицето против кое е поведена постапка може на Комисијата за одлучување по прекршок во рок од 60 дена од денот на приемот на заклучокот за поведување на прекршочната постапка да ѝ понуди на Комисијата предлог за преземање на обврските во облик извршување одредени мерки и услови, како и рокови во кои истите ќе ги исполни, со цел да се отстранат околностите кои доведуваат до нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка.

(2) Комисијата за одлучување по прекршок, во зависност од тежината на повредата, опсегот на повредата и времетраењето на повредата, што се утврдуваат во прекршочната постапка, ќе оцени дали предложените мерки, услови и рокови од ставот (1) на овој член се доволни за отстранување на околностите кои доведуваат до нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка. Доколку Комисијата за одлучување по прекршок оцени дека истите се доволни, со заклучок ги прифаќа понудените обврски од ставот (1) на овој член. Заклучокот со кој се прифаќаат понудените обврски содржи опис на обврските, условите и роковите во кои истите треба да бидат исполнети и обврска на лицето против кое е поведена постапка да приложи докази дека обврските се исполнети. Против овој заклучок не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор.

(3) Постапката пред Комисијата за одлучување по прекршок мирува до истекот на рокот определен во заклучокот од ставот (2) на овој член. Доколку по истекот на тој рок не бидат доставени докази дека обврските се исполнети, постапката пред Комисијата за одлучување по прекршок продолжува.

(4) Доколку Комисијата за одлучување по прекршок утврди дека не постојат законски услови за водење постапка поради исполнување на преземените обврски од ставот (1) на овој член, ја запира постапката со заклучок против кој може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на заклучокот.

(5) Комисијата за одлучување по прекршок со заклучок нема да ги прифати понудените обврски, мерки, услови и рокови од ставот (1) на овој член доколку утврди дека истите не се доволни за отстранување на околностите кои доведуваат кон нефер трговски практики и кои биле причина за поведување на прекршочната постапка. Против овој заклучок не е дозволена жалба ниту тужба за поведување управен спор.

## Усна расправа

Член 23

(1) Комисијата за одлучување по прекршок ќе определи одржување усна расправа, ако тоа е потребно, за утврдување на фактичката состојба.

(2) На усната расправа се повикуваат лицето против кое е поведена постапката и подносителот на барањето за поведување постапка, ако постапката е поведена по барање на правно или на физичко лице.

(3) Покрај лицата од ставот (2) на овој член, на усната расправа може да се повикаат и други лица.

## Решенија на Комисијата за одлучување по прекршок

Член 24

(1) Откако Комисијата за одлучување по прекршок во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување, донесува:

1) решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција или

2) решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката не сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон.

(2) Решенијата од ставот (1) на овој член Комисијата за одлучување по прекршок ги донесува во рок од 60 дена од денот на доставувањето на известувањето за утврдената фактичка состојба од членот 21 од овој закон.

## Судска заштита во прекршочна постапка

Член 25

(1) Решенијата на Комисијата за одлучување по прекршок се конечни. Против таквите решенија може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд.

(2) Тужбата за поведување управен спор од ставот (1) од овој член се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението и истата го одлага извршувањето на решението.

## ГЛАВА V

## ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### **Потешки прекршоци**

Член 26

(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице кое во својство купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, ако :

1) во договорот за снабдување на јасен и недвосмислен начин не се утврдени општите деловни услови меѓу договорните страни, согласно со членот 7 ставови (3), (4) и (5) од овој закон;

2) не ги почитуваат условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој закон;

3) постапува спротивно на секоја забрана за нефер трговски практики од членот 8 став (1) од овој закон;

4) не ја почитува обврската од членот 8 ставови (2), (3) и (4) од овој закон;

5) не ја почитува обврската од членот 8 став (5) од овој закон;

6) постапува спротивно на членот 8 став (6 ) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговецот поединец за дејствата од ставот (1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

### **Полесни прекршоци**

Член 27

(1) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 1.000 до 1.500 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 5.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена за прекршок на правното лице, ако:

1) не постапи по заклучокот на Комисијата за одлучување по прекршок за доставување податоци во определен рок, согласно со членот 18 став (2) од овој закон;

2) достави неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок, согласно со членот 18 од овој закон;

3) не постапи по заклучокот од членот 19 од овој закон;

4) не овозможи непречен влез во кои било деловни простории, земјиште или превозни средства на определен купувач или добавувач, согласно со членот 19 став (1) точка 1) од овој закон;

5) не овозможи непречено испитување книги или друга документација, согласно со членот 19 став (1) точка 2) од овој закон;

6) не овозможи непречено земање или задржување предмети, книги, друга документација, во која било форма копии или извадоци од книги или друга документација, согласно со членот 19 став (1) точки 3), 4) и 5) од овој закон;

7) не овозможи непречено запечатување, согласно со членот 19 став (1) точка 6) од овој закон;

8) ги отпечати запечатувањата извршени согласно со членот 19 став (1) точка 6) од овој закон;

9) овластено лице или друг вработен одбие да даде објаснувања за определени факти и околности, согласно со членот 19 став (1) точки 7) и 8) од овој закон;

10) овластено лице или друг вработен даде неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата за одлучување по прекршок, согласно со членот 19 став (1) точки 7) и 8) од овој закон и

11) не овозможи непречено вршење на други дејства согласно со членот 19 став (1) точка 9) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во инзос од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец, ќе му биде изречена на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

(3) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на трговецот поединец за дејствата од ставот(1) на овој член.

(4) Глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичкото лице за дејствата од ставот (1) на овој член.

**Одмерување глоба**

Член 28

(1) При одмерување на глобата се земаат предвид:

1) тежината на прекршокот;

2) времетраењето на прекршокот и

3) опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

(2) Комисијата за одлучување по прекршок при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

(3) Олеснителни околности кои се земаат предвид при одмерувањето на глобата, особено се:

1) ако сторителот на прекршокот доставил доказ дека ги прекинал дејствата кои претставуваат прекршок во моментот кога Комисијата за одлучување по прекршок има поведено прекршочна постапка;

2) ако сторителот на прекршокот ефективно соработувал со Комисијата за одлучување по прекршок;

3) ако утврдената забранета нефер трговска практика која, иако е договорена, сѐ уште не е спроведена во деловниот однос.

(4) Отежнителни околности кои се земаат предвид при одмерувањето на глобата, особено се:

1) ако Комисијата за одлучување по прекршок утврдила дека е сторен прекршок предвиден со одредбите од овој закон, а сторителот на прекршокот продолжува да го врши прекршокот или повторува ист или сличен прекршок;

2) ако сторителот на прекршокот одбивал да соработува или ја попречувал Комисијата за одлучување по прекршок во спроведувањето на постапката;

3) ако сторителот на прекршокот преземал дејства насочени кон поттикнување други претпријатија да земат учество во прекршокот и/или преземал какви било мерки на одмазда против други правни и физички лица, со цел да ги присили на преземање дејства кои претставуваат прекршок.

4) непостапување по заклучокот со кој Комисијата за одлучување по прекршок ги прифатила понудените обврски, согласно со член 22 став (2) од овој закон.

**Застареност**

Член 29

(1) Прекршочна постапка не може да се поведе ниту да се води ако поминат:

- три години за прекршоци од членот 27 од овој закон и
- пет години за прекршоци од член 26 од овој закон.

(2) Роковите за застареност почнуваат да течат од денот на сторување на прекршокот. Ако се работи за продолжен или повторен прекршок, роковите за застареност почнуваат да течат од денот кога прекршокот престанал.

(3) Изречената прекршочна санкција не може да се изврши ако од денот на правосилноста на решението со кое се утврдува постоење прекршок поминат две години.

(4) Застареност на поведување на прекршочната постапка и застареност на извршување на прекршочната санкција настанува во секој случај кога ќе измине двапати онолку време колку што според законот се бара за застареност на поведување на прекршочната постапка, односно за застареност на извршувањето на прекршочната санкција.

ГЛАВА VI
ОБЈАВУВАЊА

**Решенија и податоци што се објавуваат на веб-страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата**

Член 30

(1) Решенијата на Комисијата за одлучување по прекршок, пресудите, односно решенијата на судот како и Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата, се објавуваат на веб-страницата на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

(2) Годишниот извештај за работа на Комисијата за заштита на конкуренцијата, кој се доставува до Собранието на Република Северна Македонија согласно со членот 26 став (6) од Законот за заштита на конкуренцијата, содржи и податоци за бројот на пристигнати барања за поведување прекршочна постапка и претставки, како и број на поведени и завршени постапки во текот на претходната година, согласно со овој закон. За секоја завршена постапка извештајот содржи краток опис на предметот и донесената одлука.

(3) Објавениот текст на решението мора да ги содржи имињата на учесниците во постапката и основната содржина на решението.

(4) Податоците кои се деловна или службена тајна добиени согласно со член 13 став (3), член 18 став (4) и член 19 став (4) од овој закон, не се објавуваат.

## ГЛАВА VII
## СОРАБОТКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА СО ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА И ТЕЛАТА НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ НА ЕУ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

**Соработка со Европската комисија и телата на земјите членки на Европската Унија**

Член 31

Комисијата за заштита на конкуренцијата соработува со Европската комисија и со надлежните органи за спроведување на надзорот над примената на забраните за нефер трговски практики на земји членки на Европската Унија во постапките за идентификување нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, а особено разменува информации и искуства за најдобри практики, нови случаи и нови настанати нефер трговски практики, како и мерки за извршување кои се носат во постапка за утврдување нефер трговски практики во синџирот на снабдување на земјоделски и прехранбени производи и давање помош во постапките за утврдување на нефер трговски практики кои имаат прекугранична димензија.

**Известување до Европската комисија за работата на Комисијата за заштита на конкуренцијата**

Член 32

(1) Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна најдоцна до 15 март секоја година, заради информирање, до Европската комисија да достави Годишен извештај за нефер трговски практики во деловните односи на купувачите и добавувачите во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи.

(2) Годишниот извештај од ставот (1) на овој член, особено мора да содржи податоци за започнатите и спроведени прекршочни постапки во претходната година.

## ГЛАВА VIII
## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Усогласување на работењето на Комисијата за заштита на конкуренцијата**

Член 33

(1) Статутот и општите акти на Комисијата за заштита на конкуренцијата ќе се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Комисијата за заштита на конкуренцијата е должна во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон да го усогласи своето работење, организирање и функционирање, во согласност со одредбите од овој закон.

**Усогласување на работењето на добавувачите и купувачите**

Член 34

Добавувачите и купувачите кои склучиле договори за снабдување на земјоделски и прехранбени производи до денот на влегувањето во сила на овој закон се должни да се усогласат со одредбите од овој закон во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Подзаконски пропис**

Член 35

Листата на земјоделски и прехранбени производи од членот 5 од овој закон ќе се донесе во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Одложна примена**

Член 36

Одредбите од членот 2 став (1) од овој закон кои се однесуваат на продажбата на земјоделски и прехранбени производи каде што купувачот и добавувачот се основани во земјите членки на Европската Унија или во трети земји, како и членовите 31 и 32 од овој закон, ќе започнат да се применуваат со денот на пристапувањето на Република Северна Македонија во Европската Унија.

**Влегување во сила**

Член 37

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.